| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Сонцето живот значи |
| **Содржина на денот** | Мојата сенка |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Мр. Сања Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Започнете го денот со разговор за значењето на сончевата светлина за здравјето на луѓето. Разговарајте за начинот на заштита на очите од силна светлина. |
| **Активности** | Како вовед во активноста направете утринска прошетка со Вашето дете и разговарајте за светлината која ја дава сонцето. Фокусирајте го детето на неговата сенка додека шета и објаснете зошто се создава сенката (секако доколку има сончев ден).<br>Обезбедете едноставна картонска кутија која во моментот ја имате и направете заедно театар на сенки. Во текот на изработката на театарот разговарајте за постапките како ќе направите вештачки сенки со помош на дополнителна светлина во домот.<br>Предложете му на детето да избере приказна која најмногу ја сака и познава и направете ги главните јунаци. Изработката на театарот на сенки и јунаците од приказните е прикажан на сликите кои можете да ги користите и како примероци. Од хартија во потемна боја исечете ги ликовите и прикачете на стапчиња. Истотака можете да ја исечете и сцената во која ќе се случува дејствието.<br>За крај уживајте во драмските игри се додека Вашето дете има интерес за игра. |